**Влада на Република Северна Македонија**

# З А П И С Н И К
од Сто дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 1.4.2019 година

Скопје, април 2019 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1.4.2019 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Асим Муса, заменик на министерот за здравство, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и нотар Билјана Пецовска.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,

задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Асаф Адеми, министер за култура, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

- Усвојување на Записникот од 125-та седница на Владата, одржана на 12 март 2019 година

- Усвојување на Записникот од 126-та седница на Владата, одржана на 19 март 2019 година

## ДНЕВЕН РЕД

**Пред преминување на Дневен ред**

- Статус на реализација на приоритетите на Република Северна Македонија за влез во НАТО

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1. - 30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година (1.4.2019 година)

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

**а) Гости**

1. Информација за реализација на проектот „Надградба на објектите за царинење и инспекциски органи на граничниот премин Ќафасан“

2. Информација за Осврт на Националната политика за управување со радиоактивен отпад и искористени радиоактивни извори во Република Северна Македонија, со текст на Осврт

3. Годишна сметка на АД „Аеродроми на Македонија“ за 2018 година, Годишен извештај за работење на АД „Аеродроми на Македонија“ за 2018 година, Извештај за резултатите од контрола на Надзорниот одбор над управувањето на АД „Аеродроми на Македонија“ за 2018 година и извештаи на внатрешен ревизор, со Предлог-одлука

4. Барање за измена на Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, Скопје, со Предлог-одлука

5. Информација за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај и Финансискиот извештај за работата на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2017 година, со дополнување и Предлог-одлуки

6. Информација за Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло, со Предлог-одлука

7. Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (моторни возила и работни машини), со правосилни пресуди/одлуки на државни институции и Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за одбрана

8. Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (разна стока) со правосилни одлуки, на државни институции

9. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.бр.03-143/19- Штип)

10. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-242/18)

11. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-208/18)

12. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-206/18 Гостивар)

13. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-207/18 Гостивар)

14. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-210/18 Гостивар)

15. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите (недвижна ствар - објект кој се наоѓа на КП бр.1300/3 за КО Гостивар-1)

16. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (недвижна ствар - која се наоѓа на КП бр.1300/1, КО Гостивар-1)

17. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите (ДП.Бр.03-213/18 Гостивар)

18. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите (ДП.Бр.03-212/18 Гостивар)

19. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-211/18 (КО Гостивар)

**б) Економски систем и тековна економска политика**

20. Информација за напредок во имплементацијата на Проектот за подобрување на општинските услуги заклучно со јануари 2019 година

21. Информација во врска со реализацијата/ефектот од мерката укинување на царинската стапка за ткаенини од предиво со голема јачина, од најлон или од други полиамиди или од полиестри, односно дали најавените активности се реализираат (во однос на инвестиции и вработувања), со Предлог-одлука

22. Предлог-одлука за намалување на царинските стапки за други производи од гума, освен од тврда гума, други производи од железо или од челик и изолациони делови од керамички материјали

23. Информација за Индикаторски извештај за животната средина за 2018 година, со Индикаторски извештај

24. Информација за спроведување на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр. 4 „Соколарци“ со кое управува концесионерот Здружение на ловци „Горица“ од с.Чешиново, со предлог-одлуки

25. Информација за спроведување на договорот за концесија на дивечот во ловиштата бр.1 „Базерник“, бр.2 „Лесково“, бр.3 „Журче“ и бр.4 „Прибилци“ со кои управува концесионерот Здружение на ловци „Долина на мечките“ од Демир Хисар, со Предлог-одлуки за еднострано раскинување на договорите и Предлог-одлуки за присилна концесија на дивечот во ловиштата

26. Информација за спроведување на договорот за концесија на дивечот во ловиштата бр. 2 „Симница“, бр.3 „Јеловце“, и бр.6 „Балин Дол“ со кои управува концесионерот ДПТУ „АС-КОМЕРЦ“ Владимир ДООЕЛ експорт-импорт од Гостивар, со Предлог-одлуки за еднострано раскинување на договорите и Предлог-одлуки за присилна концесија на дивечот во ловиштата

27. Информација за состојбата со стопанската единица „Друштво за производство, промет и услуги Економија - Идризово ДООЕЛ Скопје“ и потребата за преземање на долг од страна на Управа за извршување на санкциите

**в) Политички систем**

28. Извештај за извршените преговори за потпишување на Договор за одбранбена соработка меѓу Министерството за национална одбрана на Република Грција и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Договор за одбранбена соработка меѓу Министерството за национална одбрана на Република Грција и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

29. Предлог-закон за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2020 година

30. Годишен извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата - ПВР (јануари-декември 2018 година)

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

31. Предлог-закон за изменување на Законот за минимална плата во Република Македонија

32. Предлог-закон за изменување на Законот за волонтерството

33. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност

34. Информација со Акциски план за 2019 - 2020 година за спроведување на Националната стратегија за дрога на Република Македонија 2014 - 2020 година

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) Економски систем и тековна економска политика

35. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година

36. Предлог-одлука за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба

### б) Политички систем

37. Барање на Мурат Карамехмед за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

38. Барање на Мехмед Хоџаоглу за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

39. Барање на Мустафа Хоџаоглу за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

40. Барање на Шукри (Јусуфов) Ишик за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

### в) Човечки ресурси и одржлив развој

41. Предлог-одлука за давање на трајно користење на дел од недвижни ствари на ЈНУ Институт за духовно културно наследство на Албанците - Скопје

42. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Фондот за иновации и технолошки развој

43. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение „ХОПС - Опции за здрав живот"- Скопје

44. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение - „Центар за медицина, екологија и истражување МЕРЦ“ - Скопје

45. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Македонија

46. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кавадарци

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Северна Македонија**

47. Предлог-закон за дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

48. Годишен извештај за работата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за 2017/2018 година

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

49. Иницијатива поднесена од Виолета Амет од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.48/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Упатството за водење на постапка за издавање на дозвола за колективен постапувач и за водење на постапка за одобрување или неодобрување на годишен извештај со бр.02-6537 од 10.12.2018 година, согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување

50. Понуда за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.108 за КО Визбегово на КП бр.1566 викано место/улица Долни рид, доставена од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје

51. Понуда од нотар Весна Дончева од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.66227 за КО Маџари на КП бр.197 викано место/улица Утрина

52. Понуда доставена од нотар Иво Серафимоски од Тетово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7947 за КО Тетово 1 на КП бр.2670

53. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1113 за КО Радишани на КП бр.137 викано место/улица Дуб

54. Известување и Заклучок за утврдување на вредност на недвижност доставени од извршител Снежана Андреевска од Скопје, И. бр. 453/18

**д) Други предлози**

55. Кадровски прашања

56. Прашања и предлози

57. Предлог-одговор на пратеничко прашање од Рубин Земон, пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, поставено на Осумдесет и седмата седница на Собранието на Република Северна Македонија, одржана на 27 февруари 2019 година

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

58. Информација за статусот на Реализација на Предлог-мерките согласно Акцискиот план со цел подобрување на состојбите кај индикаторот Плаќање на даноци во извештајот Doing Busines на Светска банка

59. Информација за модернизацијата на парните котли во ТЕЦ Битола

60. Информација во врска со вложувања во инфраструктурни проекти финансирани од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година

61. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија за усогласеност за 2017 година на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија (Сметка за средства од Фондот 01 2018 06 02/1 и Сметка за средства од Програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи 01 2018 06 02/2)

62. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Штип (Сметка за приходи од Фондот за здравствено осигурување 01 2018 06 09/1 и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531) 01 2018 06 09/2)

63. Информација за напредокот на спроведените активности за воспоставување на системот за управување на нус - производи од животинско потекло

64. Информација со анализа на рангот на Република Северна Македонија кај индикаторот „Услови за прекугранично тргување" со Предлог-мерки за подобрување на состојбите согласно препораките на извештајот Doing Business 2018 на Светска банка

65. Информација за начинот на функционирање на порталот „Портал - пресуди од даночни и царински спорови" со статистички податоци за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот

66. Информација за висината на средствата за набавка на опрема за вршење на лабораториски анализи на детски играчки и можноста од обезбедување на средства за набавка на потребната опрема во рамки на сопствениот буџет на Министерство за здравство

67. Информација за преземените активности за имплементација на законските измени со цел спроведување на реформи во пензискиот систем

68. Информација во врска со полугодишниот финансиски и оперативен Извештај за периодот јули - декември 2018 година за „Меѓународниот аеродром Скопје" и „Св. Апостол Павле" - Охрид на ТАВ Македонија

69. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Евтини летови за македонските граѓани"

70. Извештај за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018 - 2020), во 2018 година, со Табеларен преглед на реализирани мерки и активности од Акцискиот план на Стратегијата (2018 - 2020)

71. Извештај за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година, со дополнувања

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

72. Информација за склучување на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија и Министерството за инфраструктура и транспорт на Република Грција за развој на „Солун - Скопје - Табановце" патна и железничка врска („Патен и железнички транс - граничен проект"), со Предлог-текст на Меморандум

73. Информација со Предлог-текст на Меморандум за разбирање за соработка меѓу Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија и Министерството за инфраструктура и транспорт на Република Грција

74. Извештај за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Република Грција за отворање на Граничен премин меѓу двете земји, кој ги поврзува Мајден во Република Северна Македонија и Промахои во Република Грција, со усогласен текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик

75. Информација за усвојување на Националниот Оперативен Бродбенд План (НОБП), со текст на Националниот Оперативен Бродбенд План

76. Информација за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за надворешни работи на Република Грција и Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија за забрзување на процесот на интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија, со усогласен текст на Меморандум

*

* *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 125-та и 126-та седница на Владата, одржани на 12 март 2019 година и 19 март 2019 година.

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Статус на реализација на приоритетите на Република Северна Македонија за влез во НАТО**

  - Информација за планирање на финансиските средства за учество на земјата во заеднички финансираните програми и буџети на Алијансата врз основа на договорените модалитети и трошоци, согласно Додаток 2 на Анекс 2 од планот за пристапување во НАТО

Владата ја разгледа Информацијата за планирање на финансиските средства за учество на земјата во заеднички финансираните програми и буџети на Алијансата врз основа на договорените модалитети и трошоци, согласно Додаток 2 на Анекс 2 од планот за пристапување во НАТО, ја усвои Информацијата и имајќи ја предвид преземената обврска на Република Северна Македонија за достигнување на најмалку 2% од БДП за потребите на одбраната, со статус на реализација до 2024 година, согласно утврдените стандарди на НАТО, се предлага средствата наменети за контрибуција на Република Северна Македонија во заеднички финансираните активности на НАТО (во Цивилниот буџет, Воениот Буџет и Безбедносно-

инвестициската програма на НАТО - NSIP), по сите основи да се планираат во буџетот на една институција, односно конкретно во Министерството за одбрана, заради горенаведените причини.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.01. - 30.06.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година (1.4.2019 година)**

Владата ја разгледа Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.-30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година (1.4.2019 година), која е доставена до Собранието на Република Северна Македонија и притоа заклучи:

1. Законодавната агенда согласно доставениот допис од Министерството за економија, да се измени и тоа:

- Предлог-законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, кој треба да се достави во владина постапка до 15.3.2019 година, да се избрише, бидејќи истиот се одлага до 2020 година.

2. Согласно овој заклучок соодветно да се измени и Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година.

3. Пречистениот текст на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.-30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија врз основа на член 185 став (1), член 60 став (1) алинеја 6 и член 64 ставови (4) и (5) од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а во врска со член 4 став (1) точки 11 и 13, член (11) став 2, член 20 став (10) и членови 24 и 103-а од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија.

*

*           *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „Надградба на објектите за царинење и инспекциски органи на граничниот премин Ќафасан“ и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии - Царинска управа повеќе да не доставува информации за статусот на проектот „Надградба на објектите за царинење и инспекциски органи на граничниот премин Ќафасан“ поради тоа што истиот е реализиран во целост.

**Точка 2**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Осврт на Националната политика за управување со радиоактивен отпад и искористени радиоактивни извори во Република Северна Македонија, со текст на Осврт и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Осврдот на Националната политика за управување со радиоактивен отпад и искористени радиоактивни извори во Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Дирекцијата за радијациона сигурност да ја следи реализацијата на Осврдот на Националната политика за управување со радиоактивен отпад и искористени радиоактивни извори во Република Северна Македонија и за тоа да поднесува годишни извештаи до Владата најдоцна до 31 март во тековната година, за претходната година.

3. Се определува ЈЗУ Институт за јавно здравје (оператор на националниот склад) да ја спроведе постапката за адаптација и лиценцирање на складот.

**Точка 3**

Владата по Годишната сметка на АД „Аеродроми на Македонија“ за 2018 година, Годишниот извештај за работење на АД „Аеродроми на Македонија“ за 2018 година, Извештајот за резултатите од контрола на Надзорниот одбор над управувањето на АД „Аеродроми на Македонија“ за 2018 година и извештаите на внатрешен ревизор, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Македонија”, во државна сопственост, Скопје за 2018 година.

Истовремено, Владата го задолжи АД „Аеродроми на Република Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје во соработка со Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Управата за јавни приходи да ги разгледаат сметководствените аспекти на правење на Годишна сметка и финансиски извештаи, како и пресметувањето на амортизацијата во АД „Аеродроми на Република Северна Македонија“ и во ТАВ Македонија во рок од 30 дена да достават информација до Владата.

**Точка 4**

Владата по новиот текст на Барањето за измена на Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги во воздухопловната навигација

М-НАВ АД, Скопје, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Статутот на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација, во предложениот текст.

## <u>Точка 5</u>

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај и Финансискиот извештај за работата на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2017 година, со дополнување и Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, за 2017 година,

- Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2017 година и

- Одлуката за усвојување на Финансискиот извештај на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, за 2017 година, во предложените текстови.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-одлуката за намера за намалување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје да се разгледа на седница на Владата по завршувањето на изборниот процес и притоа да се има во предвид Мислењето на Министерството за финансии.

## <u>Точка 6</u>

Владата ја разгледа Информацијата за Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло, во предложениот текст.

## <u>Точка 7</u>

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Кратово (Работна машина Багер),

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за правда - Управа за извршување на санкциите (пмв Рено еспејс),

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за правда - Управа за извршување на санкциите (пмв Даимлер Гранд војаџер),

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Мерцедес спринтер),

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Градско (пмв Мерцедес Ц 180),

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (пмв Мерцедес 350 ЦЛС),

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Вишо јавно обвинителство Скопје (пмв Мерцедес Е220),

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Крива Паланка (пмв Мерцедес 210),

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Тетово (пмв Јагуар),

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Илинден (Трактор Раковица 60),

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв БМВ 325),

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Куманово (пмв Ауди А6),

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (пмв Фолксваген Фејтон),

14. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП Национални шуми-Скопје (пмв Џип Чироки),

15. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП Национални шуми - Скопје (пмв Мерцедес МЛ),

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за одбрана (пмв БМВ Х5 3.0 ДИ) и

17. Новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за одбрана,
во предложените текстови.

## Точка 8

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Желино,

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи,

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Шуто Оризари,

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Министерство за финансии - Царинска управа и

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Чаир,
во предложените текстови.

## Точка 9

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.бр.03-143/19- Штип), во предложениот текст.

## Точка 10

Владата не ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-242/18) имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 11**

Владата не ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-208/18) имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 12**

Владата не ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-206/18 Гостивар) имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 13**

Владата не ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-207/18 Гостивар), имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 14**

Владата не ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-210/18 Гостивар), имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 15**

Владата не ја донесе Одлуката за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите (недвижна ствар - објект кој се наоѓа на КП бр.1300/3 за КО Гостивар-1), имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 16**

Владата не ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (недвижна ствар - која се наоѓа на КП бр.1300/1, КО Гостивар-1), имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 17**

Владата не ја донесе Одлуката за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите (ДП.Бр.03-213/18 Гостивар), имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 18**

Владата не ја донесе Одлуката за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите (ДП.Бр.03-212/18 Гостивар), имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 19**

Владата не ја донесе Одлуката за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-211/18 (КО Гостивар) имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за напредок во имплементацијата на Проектот за подобрување на општинските услуги заклучно со јануари 2019 година ја усвои и го задолжи Министерството за финансии континуирано на секои шест месеци да ја информира Владата за напредокот во реализацијата на Проектот се до неговото завршување односно до март 2021 година.

**Точка 21**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата во врска со реализацијата/ефектот од мерката укинување на царинската стапка за ткаенини од предиво со голема јачина, од најлон или од други полиамиди или од полиестри, односно дали најавените активности се реализираат (во однос на инвестиции и вработувања), со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за укинување на увозната давачка- царинската стапка за ткаенини од предиво со голема јачина, од најлон или од други полиамиди или од полиестри, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за намалување на царинските стапки за други производи од гума, освен од тврда гума, други производи од железо или од челик и изолациони делови од керамички материјали (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 23

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Индикаторски извештај за животната средина за 2018 година, со Индикаторски извештај и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Индикаторски извештај за животната средина за 2018 година.

2. Го усвои Индикаторскиот извештај за животна средина 2018.

## Точка 24

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведување на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр. 4 „Соколарци“ со кое управува концесионерот Здружение на ловци „Горица“ од с.Чешиново, со Предлог-одлуки, го усвои и ги донесе:

- Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр. 4 „Соколарци“ ловен реон Кочани, во предложениот текст и

- Одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр. 4 „Соколарци“ во ловен реон Кочани, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведување на договорот за концесија на дивечот во ловиштата бр.1 „Базерник“, бр.2 „Лесково“, бр.3 „Журче“ и бр.4 „Прибилци“ со кои управува концесионерот Здружение на ловци „Долина на мечките“ од Демир Хисар, со Предлог-одлуки за еднострано раскинување на договорите и Предлог-одлуки за присилна концесија на дивечот во ловиштата и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр. 1 „Базерник“ во ловен реон Демир Хисар,

2. Го донесе новиот текст на Одлука за едностран раскин на Договорот за концесијата на дивечот во ловиштето бр.2 „Лесково“ во ловен реон Демир Хисар,

3. Го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Журче“ во ловен реон Демир Хисар,

4. Го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Прибилци“ во ловен реон Демир Хисар,

5. Го донесе новиот текст на Одлуката за присилна концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Базерник“ во ловен реон Демир Хисар,

6. Го донесе новиот текст на Одлуката за присилна концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Лесково“ во ловен реон Демир Хисар,

7. Го донесе новиот текст на Одлуката за присилна концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Журче“ во ловен реон Демир Хисар и

8. Го донесе новиот текст на Одлуката за присилна концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Прибилци“ во ловен реон Демир Хисар,

во предложените текстови.

## Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведување на договорот за концесија на дивечот во ловиштата бр. 2 „Симница“, бр.3 „Јеловце“, и бр.6 „Балин Дол“ со кои управува концесионерот ДПТУ „АС-КОМЕРЦ“ Владимир ДООЕЛ експорт-импорт од Гостивар, со Предлог-одлуки за еднострано раскинување на договорите и Предлог-одлуки за присилна концесија на дивечот во ловиштата, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за еднostран раскин на договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр. 2 „Симница“ во ловен реон Гостивар.

2. Одлуката за еднostран раскин на договорот за концесијата на дивечот во ловиштето бр.3 „Јеловце“ во ловен реон Гостивар.

3. Одлуката за еднostран раскин на договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Балин Дол“ во ловен реон Гостивар.

4. Одлуката за присилна концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Симница“ во ловен реон Гостивар.

5. Одлуката за присилна концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Јеловце“ во ловен реон Гостивар и

6. Одлуката за присилна концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Балин Дол“ во ловен реон Гостивар,

во предложените текстови.

## Точка 27

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за состојбата со стопанската единица „Друштво за производство, промет и услуги Економија - Идризово ДООЕЛ Скопје" и потребата за преземање на долг од страна на Управа за извршување на санкциите, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 28

Владата го разгледа Извештајот за извршените преговори за потпишување на Договор за одбранбена соработка меѓу Министерството за национална одбрана на Република Грција и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Договор за одбранбена соработка меѓу Министерството за национална одбрана на Република Грција и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за одбранбена соработка меѓу Министерството за национална одбрана на Република Грција и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија.

2. Се определува м-р Радмила Шекеринска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за одбранбена соработка меѓу Министерството за национална одбрана на Република Грција и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија.

## Точка 29

Владата на предлог на д-р Рената Дескоска, министер за правда го одложи од разгледување Предлог-законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2020 година.

## Точка 30

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата - ПВР (јануари-декември 2018 година) и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го прифати Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата - ПВР (јануари-декември 2018 година).

2. Се задолжуваат сите министерства најдоцна во рок од 5 дена да подготват годишен план за спроведување на ПВР за 2019 година и истиот да го објават на Единствениот национален електронски регистар на прописи.

3. Се задолжуваат сите министерства Нацрт-извештајот за ПВР да го доставуваат на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација по истекот на минималниот рок од 20 дена за консултација на Единствениот национален електронски регистар на прописи.

4. Се задолжуваат сите министерства објавувањето на Известувањето за почеток на подготовка на предлог-закон, Нацрт-извештајот за ПВР, текстот на предлог-законот на Единствениот национален електронски регистар на прописи да го вршат преку системот за е-влада.

## Точка 31

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за минимална плата во Република Македонија, го утврди и заклучи, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 32

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за волонтерството (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието да го достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 33

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници м-р Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 34**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Акциски план за 2019 - 2020 година за спроведување на Националната стратегија за дрога на Република Македонија 2014 - 2020 година и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за 2019 - 2020 година за спроведување на Националната стратегија за дрога на Република Македонија 2014 - 2020 година.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, Министерство за правда - Управата за извршување на санкции, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии - Царинска управа и Агенцијата за млади и спорт за преземените активности да ја известуваат Меѓуресорската државна комисија за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на дроги согласно роковите определени во Акцискиот план.

3. Се препорачува на Град Скопје да ги спроведе активностите согласно Акцискиот план и за преземените активности да ја известува Меѓуресорската државна комисија за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на дроги.

4. Се задолжува Меѓуресорската државна комисија за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на дроги до Владата да доставува информации за степенот на реализација на Акцискиот план на годишно ниво, се до конечна реализација на истиот.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година и ја донесе Одлуката со заклучок износот на средствата за исплата на медиумите за платено политичко рекламирање во текот на изборните активности во 2019 година, наместо 60.000.000,00 денари да биде 100.000.000,00 денари.

**Точка 36**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го разгледа Барањето на Мурат Карамехмед за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид мислењето на Министерството за надворешни работи утврди позитивно мислење по барањето.

**Точка 38**

Владата го разгледа Барањето на Мехмед Хоџаоглу за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид мислењето на Министерството за надворешни работи утврди позитивно мислење по барањето.

**Точка 39**

Владата го разгледа Барањето на Мустафа Хоџаоглу за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети.

**Точка 40**

Владата го разгледа Барањето на Шукри (Јусуфов) Ишик за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети.

**Точка 41**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за давање на трајно користење на дел од недвижни ствари на ЈНУ Институт за духовно културно наследство на Албанците - Скопје, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата материјалот да се усогласи со Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 42**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Фондот за иновации и технолошки развој, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение ХОПС - Опции за здрав живот Скопје, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение - Центар за медицина, екологија и истражување МЕРЦ - Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата го разгледа Предлог-законот за дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10 000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба, предложениот Закон за дополнување на Законот за здравствената заштита е поднесен од овластен предлагач.

По однос на предложената одредба во Предлог-законот за дополнување на Законот за здравствената заштита Владата цени дека истата е оправдана и целисходна со оглед на тоа што се уредува преоден режим по однос на исполнувањето на новиот услов за специјализација на здравствените работници со високо образование од областа на медицината воведен со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија", бр. 20/2019) од најмалку шест месеци работа согласно стекнатата лиценца за работа во примарна здравствена заштита.

Имено, во Предлог-законот е содржано основно решение според кое здравствените работници со високо образование од областа на медицината кои до денот на влегување во сила на овој закон се стекнале со лиценца за работа да можат да специјализираат согласно одредбите од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016).

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието да го донесе Предлог-законот за дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка.

## Точка 48

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за 2017/2018 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 99 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018), ректорот е должен најмалку еднаш во годината до Сенатот, Универзитетскиот совет и основачот, да поднесува извештај за работата на Универзитетот.

Од приложениот Извештај за календарска 2017/2018 година се констатира дека Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип продолжува со процесот на нормативно уредување на дејноста, согласно со решенијата во Законот за високото образование.

Универзитетскиот сенат има донесено и усвоено низа документи кои се битни за нормално функционирање на Универзитетот и други подзаконски акти кои ќе допринесат во подобрување на функцијата за остварување на интегративната дејност на единиците во состав на Универзитетот.

Наставно образовната дејност во наведениот период кон остварување на интегративните функции на Универзитетот е насочено кон усогласување на високообразовната дејност со Законот за високото образование, како и кон унапредувањето на високообразовната дејност и реализација на стратешките цели водени од принципите на Болоњската декларација.

Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како интегриран универзитет, во својот состав покрај јавните високообразовни установи односно единиците кои вршат високообразовна и научно истражувачка дејност, дејноста ја остваруваат преку организациони единици.

Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип активно и постојано ја информира јавноста и ги презентира информациите и содржините за работата на структурите на Универзитетот.

Во изминатиот период во рамки на одделенијата навремено, континуирано и успешно ги извршувал предвидените активности, како и започнување и реализација на позначајни проекти со долгорочни ефекти во делот на електронска подршка и спроведување на наставните процеси.

Одделението за електронско учење ја користи „Moodle" платформата, која има за цел да обезбеди соодветен развој на вештините и компетенциите кои се неопходни за да се обезбеди дигитална писменост на студентите, која е неопходна за нивната идна професија.

Исто така, реализирани се две тематски обуки за наставничкиот и соработничкиот кадар на Универзитетот.

Во изминатата календарска година креирани се курсеви кои се активни, односно креаторите на своите курсеви водат редовна и постојана контрола на своите курсеви, активности и студентите зачленети во нив.

Информативниот технолошки центар во календарската 2017/2018 година учествувал во проекти кои се значајни во реализација на дејноста на Универзитетот.

Во текот на 2017/18 година во Универзитетската библиотека се реализирани низа активности.

Еден од фактите за успешно одвивање на библиотечната дејност за одреден период е библиотеката да води библиотечна статистика според позитивните законски прописи и да го зголеми фондот на книги, преку набавка на нови наслови и публикации од земјава и од странство.

Врз основа на статистичките извештаи библиотеката води евидентирање на библиотечниот фонд и услуги.

Издавачката дејност што е прикажана во Извештајот е целосно опфатена во однос на единиците во состав на Универзитетот и вкупниот број на вработени наставници и соработници.

Во Извештајот по однос на уписната политика, во учебната 2017/18 година во трите уписни рока е даден начинот на реализирање на уписната политика.

Своето финансиско работење, во наведениот период, Универзитетот го нема прикажано според планираните активности во Програмата за работа на Универзитетот, Финансискиот план, Статутот на Универзитетот, Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година и за 2018 година, Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, како и Правилникот за сметководниот план за буџетите и буџетските корисници, Правилникот за класификација на приходите и расходите и други акти кои ја регулираат оваа материја.

Бидејќи, Универзитетот и единиците во состав на Универзитетот се буџетски корисници и се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија, потребно е во Извештајот да бидат прикажани приходите и расходите на сметките од типот „637“, „785“, „788“.

Согласно со Статутот на Универзитетот и единиците на Универзитетот учествуваат во остварување на интегрираните и други дејности на Универзитетот, со процент од остварените приходи.

Владата на Република Северна Македонија смета дека е потребно Извештајот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за календарската 2017/2018 година да се преработи во насока да содржи јасни и клучни активности, односно да се прикажат најважните активности на Универзитетот, но не и детали од тековното работење, со задолжително прикажување на финансиските показатели на работењето на Универзитетот, во смисла на доставување на кумулативни финансиски показатели изработени согласно Правилникот за класификација на расходите.

Распределбата, односно трошењето на средствата од сметките на Универзитетот, треба да се извршува наменски, во согласност со утврдениот Финансиски план, но истата во Извештајот не е прикажана.

<u>**Точка 49**</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Виолета Амет од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.48/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Упатството за водење на постапка за издавање на дозвола за колективен постапувач и за водење на постапка за одобрување или неодобрување на годишен извештај со бр.02-6537 од 10.12.2018 година, согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување и притоа го утврди следново мислење:

Упатството за водење постапка за издавање на дозвола за колективен постапувач и за водење на постапка за одобрување или неодобрување на годишен извештај согласно со Законот за управување со пакување и отпад од пакување е интерен акт на Министерството, кој е донесен врз основа на член 56 став (3) од Законот за организација и работа на органите на државната управа, а врз основа на кое Упатство се пропишува начинот на постапување во извршувањето на одделни одредби на законите и други прописи.

Истото Упатство е изработено од стручни лица (технички и правни лица) и служи како упатство при вршењето на управната постапка согласно со законот од страна на стручните лица од Секторот за управување со отпад, кои се одговорни за спроведување на истата.

Самото Упатство не навлегува во членот 35 од овој Закон, каде е регулирано донесување на акт од страна на Владата, а на предлог на министерот за животна средина и просторно планирање,

за утврдување на годишни национални цели заради постепено постигнување на целите од ставот (1) на истиот член.

Имено, предметното Упатство не навлегува во национални цели за постапување со отпад од пакување кои се пропишани во точен процент и прецизна временска рамка, ниту пак се става над законот.

Дополнително, се смета дека предметното Упатство не е донесено со цел да премости правна и законска празнина, како што е наведено во Иницијативата за оцена на уставноста и не е документ кој го заменува актот кој Владата го донесува врз основа на член 35 од овој закон и истото не генерира права и обврски над законот.

Имено, Упатството дава јасни услови и критериуми кои треба да бидат исполнети од кое било правно лице кое поднесува барање за дозвола или доставува годишен извештај, кои несомнено се специфики на областа која се уредува со овој закон.

Наведените услови се однесуваат на сите правни лица заинтересирани за оваа дејност, па оттука не може да се смета дека овој интерен документ на кој било начин врши повреда на слободата на пазарот и претприемништвото. Заради утврдување на количините врз основа на кои се утврдува понатаму исполнетоста на условите за добивање дозвола односно одобрување на годишен извештај, односно количините врз основа на кои се пресметува процентот на целокупната годишна количина пуштена на пазарот на Република Северна Македонија во претходната година од примарното, секундарното и терцијалното пакување во текот на една година заради остварување на националните цели од член 35 став (3) од Законот, се земаат количините за последната година од Програмата за постапување со отпад од пакување донесена за периодот 2011-2015 година, кое е основно уставно овластување на Министерството како законодавец кој има право врз основа на развојот на општествените и економските прилики да ги уреди односите во делот на заштитата на животната средина во насока за која оценило дека е целисходна, па оттука Владата на Република Северна Македонија смета дека нема неусогласеност и спротивставеност со Уставот односно со Законот.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.108 за КО Визбегово на КП бр.1566 викано место/улица Долни рид, доставена од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Дончева од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.66227 за КО Маџари на КП бр.197 викано место/улица Утрина и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата доставена од нотар Иво Серафимоски од Тетово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7947 за КО Тетово 1 на КП бр.2670 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1113 за КО Радишани на КП бр.137 викано место/улица Дуб и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 54**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето и Заклучокот за утврдување на вредност на недвижност доставени од извршител Снежана Андреевска од Скопје, И.бр.453/18, поради потребата Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да достават мислење по материјалот и потоа да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 55**

Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија (која се дополнува со коефициент за пресметување на плата на директорот на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија).

Истовремено, со цел усогласување на коефициентот на пресметување на плата, Владата заклучи Комисијата за именување да го разгледа Табеларниот преглед на институции на кои им се утврдува коефициент за пресметување на плата согласно Одлуката за коефициенти и до Владата да достави соодветен предлог.

## Точка 56

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 25 март 2019 година до 31 март 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Грција и Владата на Република Северна Македонија за воспоставување на Управувачки комитет за економска соработка, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Грција и Владата на Република Северна Македонија во врска со формирање на Управувачки комитет за економска соработка.

2. Го определи д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Грција и Владата на Република Северна Македонија во врска со формирање на Управувачки комитет за економска соработка.

## Точка 57

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одговорот на пратеничко прашање од Рубин Земон, пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, поставено на Осумдесет и седмата седница на Собранието на Република Северна Македонија, одржана на 27 февруари 2019 година, поради потребата Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за култура и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви и до Владата да достави заеднички одговор на пратеничкото прашање.

## Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на Реализација на Предлог-мерките согласно Акцискиот план со цел подобрување на состојбите кај индикаторот Плаќање на даноци во извештајот Doing Busines на Светска банка, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Управата за јавни приходи до Министерството за финансии по однос на проектот - Имплементација на нов електронски систем за евалуација на ризик, да

достави статистички податоци за извршени контроли и инспекции до април 2019 година, за извршени контроли во март во споредба со истиот период минатата година, до 15 мај 2019 година за извршени контроли во април 2019 година во споредба со истиот период минатата година, а во наредниот период да доставува квартални и вкупни годишни извештаи.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за модернизацијата на парните котли во ТЕЦ Битола, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи АД за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост - Скопје на секои три месеци да ја известува Владата за текот на оваа постапка.

**Точка 60**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со вложувања во инфраструктурни проекти финансирани од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата ги разгледа Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија за усогласеност за 2017 година на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија (Сметка за средства од Фондот 01 2018 06 02/1 и Сметка за средства од Програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи 01 2018 06 02/2), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија да пристапи кон изготвување на Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители на имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија за усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија за 2017 година, во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

2. Се задолжува Министерството за здравство на шест месеци до Владата да доставува извештаи за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија за усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија за 2017 година.

## Точка 62

Владата ги разгледа Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Штип (Сметка за приходи од Фондот за здравствено осигурување 01 2018 06 09/1 и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531) 01 2018 06 09/2), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Министерство за здравство да поднесе кривична пријава до Основно јавно обвинителство на Република Северна Македонија, врз основа на следниве забелешки во Конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2017 година, во Јавната здравствена установа Клиничка болница - Штип за Сметка од Фондот за здравствено осигурување и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531):

- Во Конечниот извештај за извршена ревизија финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавната здравствена установа Клиничка болница Штип, за Сметка за приходи од Фондот за здравствено осигурување:

Изразено е неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи, како и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантна законска регулатива, упатства и воспоставени политики за 2017 година.

- Во однос на Внатрешните контроли:

- Во Наодот 3.1.1. утврдено е дека фактурите се заверувале во архива откако ќе биле платени и со задоцнување од неколку месеци и

- Во Наодот 3.1.1. утврдено е дека Не се изготвувале записници за прием и со тоа не може да се потврди дека работите и услугите кои се нарачуваат биле извршени.

- Во однос на Усогласеноста со законите и прописите:

- Во Наодот 3.2.1. утврдено е дека ЈЗУ Штип нема лиценца и дозвола за вршење на здравствена дејност (не бил презентиран доказ),

- Во Наодот 3.2.2. утврдено е дека Не е усогласен Статутот и внатрешните акти за систематизација на работните места со одредбите од законот,

- Во Наодот 3.2.3. утврдено е дека Исплаќани се средства на одредени вработени во повисок износ од предвидените средства и

- Во Наодот 3.2.4. утврдено е дека Со ЈЗУ Штип управува ВД директор кој не е именуван по распишан конкурс.

- Во однос на Финансиските извештаи:

- Во Наодот 3.3.1. утврдено е дека имало Нецелосен попис,

- Во Наодот 3.3.1. утврдено е дека не е извршено материјално евидентирање на мобилните телефони стекнати на користење за вкупно 96 апарати во вредност од 617.000 денари,

- Во Наодот 3.3.2. утврдена е Состојба на обврските: 36.563.000 денари,

- Во Наодот 3.3.3. утврдена е Несоодветна материјална и финансиска евиденција на залихи на лекови, реагенси и материјали,

- Во Наодот 3.3.4. утврдено е дека За сервисирање на компјутерски томограф, магнетна резонанса и ЕКГ апарат потрошени се 5.312.000 денари; во фактурите има несовпаѓања во делот на опис на услугата, променетите и вградените делови и

- Во Наодот 3.3.5. утврдено е Паушално плаќање на сметки за вода во износ од 7.096.000 денари.

- Во однос на Користењето на средствата согласно законските прописи:

- Во Наодот 3.4.1. утврдено е дека Во испитуваниот примерок од 17 Јавни набавки во износ од 87.757.000 денари, економските оператори се со нецелосна документација.

- Во Конечниот извештај за извршена ревизија финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавната здравствена установа Клиничка болница Штип, за Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531):

Изразено е неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи, како и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантна законска регулатива, упатства и воспоставени политики за 2017 година.

- Во однос на Усогласеноста со законите и прописите:

- Во Наодот 3.1.1. Констатирани се неусогласености помеѓу Спецификацијата на пациенти за наплатен износ за услугите на болницата каде е регистрирана наплата во висина од 19.479.000 денари, годишниот фискален извештај, според кој е регистрирана наплата во висина од 28.568.000 денари, и уплатените средства во благајна во висина од 26.400.000 денари,

- Во Наодот 3.1.1. утврдено е дека Не бил презентиран документ - годишен фискален извештај за вкупно наплатени средства во 2017 година за четири фискални каси кои во 2017 година функционирале во 4 оддели на ЈЗУ Штип и

- Во Наодот 3.1.1. утврдено е дека се Направени се сторна/корекции во износ од 314.000 денари, без соодветни документи за извршените сторнирања.

- Во однос на Финансиските извештаи:

- Во Наодот 3.2.1. утврдено е дека се Отпишани побарувања во износ од 298.000 денари единствено врз основа на доставен список од вработени,

- Во Наодот 3.2.1. утврдено е дека Не е извршено задолжување по вработен по донесена судска пресуда од 2015 година поради прибавена против правна имотна корист (кусок во главна благајна) во износ од 1.394.000 денари,

- Во Наодот 3.2.2. утврдено е дека ЈЗУ Штип има склучено договор за закуп на деловен простор; посебен договор за начин на регулирање на режиските трошоци не е склучен, така што не е сигурна реалноста и објективноста на евидентираните побарувања по овој основ во износ од 2.812.000 денари,

- Во Наодот 3.2.3. утврдено е дека Евидентирани се исплатени расходи за одвоен живот на 11 лица (во текот на 2016 и 2017 година) без склучен договор за специјализација,

- Во Наодот 3.2.4. утврдено е дека се Исплатени средства во износ од 950.000 денари кои се за наводна набавка на гориво,

- Во Наодот 3.2.4. утврдено е дека се Извршени исплати во висина од 563.000 денари без сознание какви услуги се платени и

- Во Наодот 3.2.5. утврдено е дека 169.000 денари се исплатени за побарувања од минати години за кои нема документација.

2. Се задолжува Јавната здравствена установа Клиничка болница - Штип да пристапи кон изготвување на Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2017 година, во Јавната здравствена установа Клиничка болница - Штип, за Сметка за приходи од Фондот за здравствено осигурување и за Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531), во функција на надминување на утврдените состојби, и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

3. Се задолжува Министерството за здравство на секои шест месеци до Владата да доставува извештаи за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2017 година во Јавната здравствена установа Клиничка болница - Штип.

## Точка 63

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за напредокот на спроведените активности за воспоставување на системот за управување на нус - производи од животинско потекло, како материјал за информирање.

## Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата со анализа на рангот на Република Северна Македонија кај индикаторот „Услови за прекугранично тргување" со Предлог-мерки за подобрување на состојбите согласно препораките на извештајот Doing Business 2018 на Светска банка, како материјал за информирање.

## Точка 65

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за начинот на функционирање на порталот „Портал - пресуди од даночни и царински спорови" со статистички податоци за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот, како материјал за информирање.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за висината на средствата за набавка на опрема за вршење на лабораториски анализи на детски играчки и можноста од обезбедување на средства за набавка на потребната опрема во рамки на сопствениот буџет на Министерство за здравство, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности за имплементација на законските измени со цел спроведување на реформи во пензискиот систем, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со полугодишниот финансиски и оперативен Извештај за периодот јули - декември 2018 година за „Меѓународниот аеродром Скопје" и „Св. Апостол Павле" - Охрид на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за транспорт и врски да ги преземе препораките кои ќе произлезат од Информацијата (заклучок по точка 3 од оваа седница на Владата) што во рок од 30 дена до Владата ќе ја достави АД Аеродроми на Северна Македонија, во соработка со Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Управата за јавни приходи, во која ќе ги разгледаат сметководствените аспекти на правење на годишна сметка и финансиски извештаи, како и пресметувањето на амортизацијата во АД Аеродроми на Северна Македонија и во ТАВ Македонија.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Евтини летови за македонските граѓани", како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го разгледа Извештајот за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018 - 2020), во 2018 година, со Табеларен преглед на реализирани мерки и активности од Акцискиот план на Стратегијата (2018 - 2020), како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Извештајот за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година, со дополнувањата, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија и Министерството за инфраструктура и транспорт на Република Грција за развој на „Солун - Скопје - Табановце"

патна и железничка врска („Патен и железнички транс - граничен проект“), со Предлог-текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:
1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за развој на „Солун - Скопје - Табановце“ патна и железничка врска меѓу Република Северна Македонија и Република Грција („Патен и железнички проект“).
2. Се овластува м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски да го потпише Меморандумот за разбирање за развој на „Солун - Скопје - Табановце“ патна и железничка врска меѓу Република Северна Македонија и Република Грција („Патен и железнички проект“).

## Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-текст на Меморандум за разбирање за соработка меѓу Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија и Министерството за инфраструктура и транспорт на Република Грција и ја усвои со следните заклучоци:
1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за соработка меѓу Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија и Министерството за инфраструктура и транспорт на Република Грција.
2. Го овласти м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски да го потпише Меморандумот за разбирање за соработка меѓу Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија и Министерството за инфраструктура и транспорт на Република Грција.

## Точка 74

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Република Грција за отворање на Граничен премин меѓу двете земји, кој ги поврзува Мајден во Република Северна Македонија и Промахои во Република Грција, со усогласен текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик и го усвои со следниве заклучоци:
1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Република Грција за отворање нов граничен премин меѓу двете земји кој ќе ги поврзува Мајден во Република Северна Македонија и Промахои во Република Грција.
2. Се определува м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Република Грција за отворање нов граничен премин меѓу двете земји кој ќе ги поврзува Мајден во Република Северна Македонија и Промахои во Република Грција.

## Точка 75

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Националниот Оперативен Бродбенд План (НОБП), со текст на Националниот Оперативен Бродбенд План, ја усвои Информацијата и го усвои текстот на Националниот Оперативен Бродбенд План.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за надворешни работи на Република Грција и Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија за забрзување на процесот на интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија, со усогласен текст на Меморандум и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за надворешни работи на Република Грција и Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија за забрзување на процесот на интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија.

2. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за надворешни работи на Република Грција и Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија за забрзување на процесот на интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија.

3. Се определува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за надворешни работи на Република Грција и Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија за забрзување на процесот на интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија, во име на Владата на Република Северна Македонија.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:05 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Оливер Спасовски |